# Обука: Интернет маркетинг

**Датум:** 30 март 2010
**Организатор:** Центар за нови медиуми
**Локација:** Httpool тренинг центар

Успехот на вашиот бизнис денес е зависен од вашето присуство на Интернет.  Успешно присуство на Интернет ви дозволува да ја максимизирате вашиот инвестиција. Дали е тоа вашата цел?

## Интернет маркетинг. Не е мистерија

Неговата цел е да ги донесе вашите идеални купувачи во вистинско време и на вистинско место, но и да отвори нови можности за вашиот бизнис.

- Сакате да научите како најлесно да ја адаптирате вашата маркетинг стратегија во чекор со техниките и алатките за Интернет маркетинг?
- Сакате да разберете како Интернетот влијае на растот на вашиот бизнис и ја прави вашата маркетинг стратегија поконкурентна?
- Сакате да научите како да остварите успешна комуникација?
- Сакате да дознаете што е тоа SEO и зошто е важно?
- Саката да дознаете како да ја пронајдете вашата целна група на Интернет?
- Но, веруваме дека сакате да дознаете и кои се најчестите грешки и проблеми и како да се справите со нив?

Без разлика дали работите во B2C или B2B опкружување, оваа обука ќе ви овозможи да се стекнете со знаење и вештини како успешно да го менаџирате вашето присуство на Интернет и да ги управувате вашите кампањи со доверба и сигурност. Обуката ќе ве запознава со основите на планирање, управување и оптимизирање на вашата Интернет маркетинг стратегија.

## За кого е наменета оваа обука?

- Сопственици и менаџери на мали и средни компании
- Директори на продажба и маркетинг
- Маркетинг специјалисти
- Специјалисти за односи со јавност
- Специјалисти за електронска трговија
- Ентузијасти кои имаат потреба да научат како Интернет маркетингот треба да се вклучи во постоечката маркетинг стратегија.

## Агенда и опис на обуката

| | | Време |
|---|---|---|
| | Пристигнување и регистрација | 08.50 – 09.10 ч. |
| **1.** | **Што е Интернет маркетинг**<br>- Столбови на Интернет маркетингот<br>- Дефинирање цели на Интернет присуство<br>- Цел на Интернет страница<br>- Сегментација на публика<br>- Дефинирање на потреби и ресурси за изработка на Интернет страница | 09.10 – 10.00 ч. |
| **2.** | **SEO и SEM- оптимизација за Интернет пребарувачи и маркетинг на Интернет пребарувачи**<br>- On-Page Оптимизација<br>- Off-Page Оптимизација | 10.20 – 11.10 ч. |
| | **Кафе пауза** | 11.10 – 11.30 ч. |
| **3.** | **Интернет маркетинг канали**<br>- E-mail маркетинг<br>- Newsletter маркетинг<br>- SEO наспроти PPC – основни разлики<br>- Друштвени/Социјални медиуми<br>*Студии на случај* | 11.30 – 13.30 ч. |
| | **Ручек** | 13.30 – 14.15 ч. |
| **4.** | **Корпоративна Интернет маркетинг стратегија**<br>- Креирање на Интернет маркетинг план<br>- Е-маркетинг стратегии<br>- План за имплементација<br>- Интернет маркетингот и корпоративни комуникации | 14.15 – 15.15 ч. |
| **5.** | **Мерење на успешноста од Интернет маркетингот**<br>- следење на посетеност<br>- следење на конверзии<br>- анализа и следење на социјални медиуми<br>- глобални трендови | 15.30 – 16.30 ч. |
| | **Дускусија** | 16.30 – 17.00 ч. |
| | | |
| | Специјален гостин: **5 години комуникации.нет**<br><br>**НЕБОЈША РАДОВИЌ (ENIAC) – МАРКЕТИНГ НА СОЦИЈАЛНИ МЕДИУМИ** | 19.00 ч. |

## Понуда за огласувачите/клиентите на Httpool:

Пријавување и уплата до 20.02.2010 – **4.400 денари**
Пријавување и уплата по 20.03.2010 – **5.500 денари**
За секој нареден учесник од иста компанија добивате 10% попуст

**Краен рок за пријавување и уплата е 29.03.2010**
**Цените се без пресметан ДДВ**

Бројот на учесници е ограничен на 15 заради задржување на квалитетот на содржината и можноста да се посветиме соодветно на сите учесници.

## Информации и пријавување:

e-mail: darko.buldioski@newmedia.org.mk
телефон: 070 30 70 40
web: http:newmedia.org.mk/edu

**Предавачи**:

**Дарко Булдиоски** активно се занимава со онлајн медуми повеќе од 5 години. Комуниколог, блогер и активен учесник во локалната, регионална и глобалната интернет сфера. Со свои предавања активно учествувал на E-society.mk, BlogOpen, Young Media Watchdogs, Youth and New Media Participation и други настани. Од пред две години е асистент на Њујорк Универзитетот Скопје, каде предава вовед во нови медиуми, социјални медиуми и онлајн новинарство. Зад себе, покрај личниот блог за медиуми Комуникации.нет како успешни онлајн проекти ги вбројува PMtips.net, Notformen.mk, Autovision.mk, Glocal Conference и други. Две години наназад активно спроведува обуки и консултации во повеќе различни области на Интернет маркетингот и огласувањето.

**Наталија Трајчевска** професионално е вклучена во полето на Интернет меркетингот повеќе од 3 години. Како специјалист за Интернет маркетинг во Seavus, секојдневно ангажирана со корпоративното огласување, главни одговорности и активности и се директен маркетинг, e-mail маркетинг, SEO, SEM, SMO и сите поврзани активности. Како дел од серијата вебинари на HubSpot, во август оваа година се стекна со титула Inbound Marketing Certified Professional. Со учеството на Webit, октомври 2009, се стекна со сертификат за професионален развој во полето на дигитални маркетинг стратегии, интернет маркетинг и најдобри е-бизнис практики од предавачите на Google, eBay, The Guardian, Coca Cola, AOL, итн. Во последните 6 месеци е ко-автор на Интернет Маркетинг Блог.

**Димитар Јовевски** дипломира на меѓународен маркетинг и менаџмент на Факултетот за применети науки FONTYS, во Холандија. Има 5 годишно работно искуство како бизнис консултант и аналитичар во областите: бизнис инженеринг, маркетинг стратегии и интернет макретинг стратегии. Во моментот е во процес на ЦМЦ сертификација. Веќе три години работи како Асистент на Економскиот факултет во Скопје, при Универзитетот Св."Кирил и Методија", на одделот за Е-бизнис во фаза на изработка на магистерските трудови на после-дипломски студии за е-бизнис менаџмент. Поседува клучно знаење за развој на интернет маркетинг стратегии на традиционални и е-компании, рекламирање на интернет и социјални мрежи, исто така програми за обука, реализација на обуки и менаџмент интернет игри (eGlobe).

**Савица Поп Тонева** е директор на канцеларијата на Httpool во Македонија, каде е од самото основање на компанијата. Дипломиран економист на отсек Менаџмент на Економскиот Факултет Скопје. Искуството го добива, работејќи во реномирани компании, како од областа на Маркетингот така и од други области. Повеќе од пет години активно се занима со Интернет маркетинг и Интернет огласување, шитрејќи ја идејата за можностите на рекламирање на нови медиуми. Во моментот ја подготвува магистерската теза на полето на Интернет

маркетингот. Има особено знаење за подготовка на интернет маркетинг стратегии, online огласување, огласување на социјални мрежи.

**Сања Божиќ** е дипломиран економист на департментот е-бизнис на Економскиот Факултет во Скопје. Во 2007 година беше дел од практикантите во Httpool Македонија. После три месечна пракса станува дел од тимот на Httpool Македонија како проект менаџер. Учествува на конференции и семинари од областа на Интернет Маркетинг, но истовремено и врши обуки предавајќи го стекнатото искуство од огласувањето на Интернет.